**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за користење основни средства: товарно моторно возило и приклучно возило-цистерна без надоместок Арх. Број 07-1417/2 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за користење основни средства: товарно моторно возило и приклучно возило-цистерна без надоместок Арх. Број 07-1417/2 од 30. 06. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/1**
**Од 02.07. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/02), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 30.06.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на користење основни средства:**
**товарно моторно возило и приклучно возило - цистерна**
**без надоместок**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Илинден дава на користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „Илинден“ од н. Илинден основни средства и тоа:

- Товарно моторно возило марка MAN тип L 02,
  година на производство 1996 и
- Приклучно возило Цистерна марка HERMELIN тип J. HELMERS GMBH година на производство 1996 .

**Член 2**

Основните средства што со оваа Одлука се пренесуваат на користење на Јавното комунално претпријатие останува во сопственост на општина Илинден, а трошоците за одржување на наведените основни средства паѓаат на товар на остварените приходи на ЈКП Илинден н. Илинден од денот на предавање на товарното моторно возило и приклучното возило-Цистерна.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Илинден“.

**Арх. Број 07-1417/2**
**Од 30.06.2008 г.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за утврдување на урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул3, ул.4 и ул.5 Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден - Нацрт план Арх. Број 07-1417/3 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за утврдување на урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул3, ул.4 и ул.5 Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден - Нацрт план Арх. Број 07-1417/3 од 30. 06. 2008 година, што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/2** **ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Од 02.07. 2008 год.** **Градоначалник**
***Жика Стојановски с.р.***

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007 и 24/2008 ), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 30.06.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија 1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул.3, ул.4 и ул.5 – Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден – Нацрт план**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши утврдување на Урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија 1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул.3, ул.4 и ул.5 – Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден – Нацрт план.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи:
- на северозапад по осовина на сообраќајница ул.4
- на југозапад по осовина на сообраќајница ул.5
- на североисток по осовина на сообраќајница ул.3
- на југ по осовина на сообраќајница ул.1
- на југоисток по осовина на сообраќајница ул.2

Површината на планскиот опфат изнесува 4,12 ха.

Со Урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија 1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул.3, ул.4 и ул.5 – Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден – Нацрт план се предвидуваат зони со класа на намена:

- А1 - семејно домување во станбени куќи
- Б3 - големи угостителски единици
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси

**Член 3**

Урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија 1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул.3, ул.4 и ул.5 – Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година

општина Илинден – Нацрт план со технички број 1570/2007 изработен е од АД за урбанизам, архитектура и инженеринг ЗУАС Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

Арх. Број 07- 1417/3
Од 30. 06. 2008 година

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за определување на назив на улици во н.м. Марино-Општина Илинден Арх. Број 07-1417/4 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за определување на назив на улици во н.м. Марино-Општина Илинден Арх. Број 07-1417/4 од 30. 06. 2008 година, што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/3**
**Од 02.07. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ 02/05) и член 20 точка 25 од Статутот на Општина Илинден (Службен гласник на Општина Илинден бр. 2/05), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за определување на назив на улици**
**во населено место Марино- Општина Илинден**

**Член 1**

Во населено место Марино- Општина Илинден се определува назив на следната улица:

**Улица 527А**, Улицата започнува од улица 532, а завршува кај каналот кој ја одделува улица 527А од улица 500.

Улица 527 А е во должина од 200 метри и граничи со Улица 527 од лева страна и со Улица 527 Б од десна страна .

**Член 2**

Во населено место Марино- Општина Илинден се определува назив на следната улица:

**Улица 527Б**, Улицата започнува од улица 532, а завршува кај каналот кој ја одделува улица 527Б од улица 500.

Улица 527 Б е во должина од 200 метри и граничи со Улица 527 А од лева страна и со Улица 513 од десна страна.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден.

Арх. Број 07-1417/4
Од 30.06.2008 год.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање согласност на Финансиски извештај на Ј.К.П. Илинден за периодот од 01.01. 2008 година до 31.03.2008 Арх. Број 07-1417/5 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање согласност на Финансиски извештај на Ј.К.П. Илинден за периодот од 01.01. 2008 година до 31.03.2008 Арх. Број 07-1417/5 од 30. 06. 2008 година., што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/4**
**Од 02.07. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
***Жика Стојановски с.р.***

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96) и член 20 точка 31 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник на Општина Илинден бр.2/05) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 30.06.2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансиски извештај**
**на ЈКП Илинден за периодот**
**од 01.01.2008 до 31.03.2008 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Финансиски извештај на ЈКП Илинден за периодот од 01.01.2008 до 31.03.2008 година Арх. Бр. 01-147/1 од 05.05. 2008 година што Управниот Одбор на Ј.К.П. „Илинден" го усвои на седницата одржана на ден 05.05.2008 год.

**Член 2**

Финансиски извештај на ЈКП Илинден за периодот од 01.01.2008 до 31.03.2008 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден .

Бр.07- 1417/5
Од 30.06. 2008 г.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за издвојување на деловна единица од Јавното комунално претпријатие Илинден од н. Илинден Арх. Број 07-1417/6 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за издвојување на деловна единица од Јавното комунално претпријатие Илинден од н. Илинден**

**Арх. Број 07-1417/6 од 30. 06. 2008 година, што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/5** **ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Од 02.07. 2008 год.** **Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М бр. 5/02) и член 9 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр. 38/96, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 15 од Законот за комунални дејности (Сл. весник на Р.М бр. 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), Советот на општина Илинден на седница одржана на 30.06.2008г. ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за издвојување на деловна единица од**
**Јавното комунално претпријатие Илинден од н. Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши издвојување на деловна единица од ЈКП Илинден од н. Илинден основано со Одлука бр. 09-349/6 од 25.11.1998г.

**Член 2**

Претпријатието се дели на два дела со што секторот водовод од постојното ЈКП Илинден се издвојува како посебно Јавно претпријатие кое ќе има својство на правно лице и во трговскиот регистар ќе биде запишано како посебен правен субјект под називот Јавно комунално претпријатие – Водовод, н. Илинден.

Вториот дел од постојното ЈКП Илинден – Сектор комунална хигиена останува во рамките на постојното ЈКП Илинден.

**Член 3**

Новото Јавно комунално претпријатие – Водовод, н.Илинден ќе ја врши следнава претежна дејност согласно Националната класификација на дејности:

41.00 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехрамбена вода.

**Член 4**

Намерата за издвојување на деловна единица Водовод е потикната во текот на работењето на претпријатието.

Издвојувањето се прави поради неколку економски фактори кои во понатамошното работење како на постојното така и на новото јавно претпријатите би довело до поповолни економски резултати.

**Член 5**

Дејноста собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехрамбена вода е дејност која е специфична и бара посебен начин на стопанисување кој е многу поразличен од дејноста комунална хигиена, поради што е потребно да се изврши поделба на овие два сектора.

**Член 6**

Проценката на имотот на постојното Јавно комунално претпријатие извршена е од страна на овластен судски проценител.

Поделбата на имотот ќе се изврши со План за поделба а во согласно со извршената проценка на имотот и усвоен делбен биланс од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие “Илинден“, н. Илинден.

Планот за поделба, проценката и усвоениот делбен биланс од страна на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие “Илинден“ од н. Илинден се составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Лицата вработени во Секторот водовод со поделба на ЈКП Илинден, работниот однос им продолжува во новото Јавно комунално претпријатие – Водовод, н.Илинден од денот на уписот на претпријатието во трговскиот регистар.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр. 07-1417/6**
**Од 30.06.2008г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за основање на јавно комунално претпријатие „Водовод“-н. Илинден Арх. Број 07-1417/7 од 30. 06. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие „Водовод“-н. Илинден Арх. Број 07-1417/7 од 30. 06. 2008 година, што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 30.06. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1463/6**
**Од 02.07. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М бр. 5/02) и член 9 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр. 38/96, 40/03, 49/06 и 22/07) и член15 од Законот за комунални дејности (Сл. весник на Р.М бр. 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), Советот на општина Илинден на седница одржана на 30.06.2008г. ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за основање на јавно комунално претпријатие – Водовод н.Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно комунално претпријатие – Водовод за вршење на дејности од јавен интерес од локално зналење за општина Илинден, и тоа:

41.00 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехрамбена вода.

**Член 2**

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно комунално претпријатие – Водовод, н.Илинден (во натамошниот текст: Претпријатие).

Скратениот назив на Претпријатието гласи: ЈКП - Водовод, н.Илинден.

**Член 3**

Седиштето на претпријатието е во нас. Илинден на ул. “9“, бб.

**Член 4**

Претпријатието има својство на правно лице.

Својство на правно лице Претпријатието ќе стекне од моментот на упис во трговскиот регистар.

**Член 5**

Претпријатието за преземените обврски во правниот промет спрема трети лица одговара со целиот имот.

**Член 6**

Износот на средства за основањето на Претпријатието ги обезбедува општина Илинден како основачки влог по проценката која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Претпријатието е во сопственост на општина Илинден.

**Член 8**

Вршењето на дејноста од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од средствата што ќе се остварат преку цената на услугата, од средствата на буџетот на основачот како и од други средства согласно закон.

**Член 9**

Управувањето со Претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавни претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

**Член 10**

Годишната сметка и финасискиот извештај на Претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

**Член 11**

Органи на Претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) и директор.

**Член 12**

Управниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на општина Илинден.

**Член 13**

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

**Член 14**

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именувањето на нов Управен одбор.

**Член 15**

Надзорниот одбор на Претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на општина Илинден.

**Член 16**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

**Член 17**

Со работата на Претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на општина Илинден, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го застапува и преставува Претпријатието.

**Член 18**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Претпријатието се утврдуват со Статут, во согласно со закон.

**Член 19**

Лицето Здравковски Тони дипл. прав. од с. Кадино со ЕМБ 1204970450155 се именува да ги врши работите на Претпријатието до неговото конституирање.

**Член 20**

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на Претпријатието.

**Член 21**

Статутот на Претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на Претпријатието ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Трговскиот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на Статутот.

**Член 22**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр. 07-1417/7**
**Од 30.06.2008г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# *С О Д Р Ж И Н А*

**1.** Решение за прогласување на Одлука за користење основни средства: товарно моторно возило и приклучно возило-цистерна без надоместок
Арх. Број 07-1417/2 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . .. . стр. 1

**2.** Одлука за користење основни средства: товарно моторно возило и приклучно возило-цистерна без надоместок Арх. Број 07-1417/2 од 30. 06. 2008 година . . . . . . . . . . . .. . стр. 1

**3.** Решение за прогласување на Одлука за утврдување на урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул3, ул.4 и ул.5 Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден - Нацрт план Арх. Број 07-1417/3 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . стр. 2

**4.** Одлука за утврдување на урбанистички план за дел од село Кадино и Мралино локалитет Горна Јурија1, Урбан блок 5, помеѓу ул.1, ул.2, ул3, ул.4 и ул.5 Изменување и дополнување Плански период 2007-2017 година општина Илинден - Нацрт план Арх. Број 07-1417/3 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 2

**5.** Решение за прогласување на Одлука за определување на назив на улици во н.м. Марино-Општина Илинден Арх. Број 07-1417/4 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . .стр. 3

**6.** Одлука за определување на назив на улици во н.м. Марино-Општина Илинден Арх. Број 07-1417/4 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . .стр. 3

**7.** Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Финансиски извештај на Ј.К.П. Илинден за периодот од 01.01. 2008 година до 31.03.2008 Арх. Број 07-1417/5 од 30. 06. 2008 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 4

**8.** Одлука за давање согласност на Финансиски извештај на Ј.К.П. Илинден за периодот од 01.01. 2008 година до 31.03.2008 Арх. Број 07-1417/5 од 30. 06. 2008 година . . . . .стр. 4

**9.** Решение за прогласување на Одлука за издвојување на деловна единица од Јавното комунално претпријатие Илинден од н. Илинден
Арх. Број 07-1417/6 од 30. 06. 2008 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр 5

**10.** Одлука за издвојување на деловна единица од Јавното комунално претпријатие Илинден од н. Илинден Арх. Број 07-1417/6 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . .стр 5

**11.** Решение за прогласување на Одлука за основање на јавно комунално претпријатие „Водовод“-н. Илинден Арх. Број 07-1417/7 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

**12.** Одлука за основање на јавно комунално претпријатие „Водовод“-н. Илинден
Арх. Број 07-1417/7 од 30. 06. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.7